**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

## СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

# ГО ОТКРИВАМЕ ФРАНЦУСКИОТ СВЕТ НИЗ ИГРА

## за V одделение

**Скопје, 2025 година**

**ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ:**

- Да се разбуди љубопитноста кај учениците за изучување на францускиот јазик и француската култура.
- Да се развие кај учениците позитивен став кон изучување странски јазици.
- Учениците да се запознаат со француската култура, храна, музика, празници и секојдневен живот.
- Учениците да препознаат сличности и разлики меѓу францускиот и мајчиниот јазик преку интернационализми и основни фрази.
- Учениците да се стекнат со знаења од основна лексика и да ја применат во едноставна комуникација.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Го откриваме францускиот свет низ игра |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Изборен (слободен изборен предмет) |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Ги откриваме францускиот јазик и Франција***<br>● ***Јас и мојата непосредна околина***<br>● ***Што да облечам?***<br>● ***Сакам.../Не сакам...*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 36 часа во текот на едно полугодие |
| **Опрема и средства** | ● компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD-плеер, интерактивна табла;<br>● постери, фотографии, слики, предмети, флеш-карти, стикери, хартија, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, дрвени боички, фломастери и сл.<br>● Прирачникот *Léo et Sophie vous font découvrir le français : Fiches pédagogiques* |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по слободниот изборен предмет *Го откриваме францускиот свет низ игра* може да ја изведува лице кое завршило: |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по француски јазик и литература - наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по француски јазик и книжевност - наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по француски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и француски јазик, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по француски јазик и литература/книжевност - друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска наобразба (доквалификација) за наставата по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- одделенски наставник со потврда од акредитирана установа за познавање на францускиот јазик, ниво А2 според Заедничката европската референтна рамка на јазиците. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина), |
| I-A.5 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности, |

| | |
|---|---|
| I-A.6 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика, |
| I-A.7 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици, се развива можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи, |
| I-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури, |
| I-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување на другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата **Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |

| | |
|---|---|
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. Ги откриваме францускиот јазик и Франција** (4 часа)

***Знаења/вештини***

- Разбира и именува најчести интернационални зборови.
- Ги открива еквивалентите на интернационалните зборови од мајчиниот јазик со оние на француски јазик.
- Ги открива симболите на Франција и спомениците на Париз.

***Ставови/вредности***

- Преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадниците на различни културни/јазични групи.
- Преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури.
- Преку изучувањето на други јазици се развива почитување на другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции.
- Почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • Интернационални зборови (2 часа) *(avion, banane, wagon, automobile, musique, guitare, pantalon, ballet …)* | • *Квиз за сензибилизација*: Наставникот им предлага на учениците да се проверат самите дали веќе знаат зборови на француски јазик преку играње квиз. Можат да користат мобилни телефони. Квизот служи да ги мотивира учениците бидејќи сите ќе добијат одлични резултати (сите предложени зборови се интернационализми).<br><br>• *Глув телефон:* Наставникот/наставничката им предлага на |

| | |
|---|---|
| | учениците да играат глув телефон на следниов начин: Ученицитесе наредени во низа. Наставникот му шепнува на првиот ученик еден интернационален збор, кој тој го повторува на следниот и така се до последниот ученик кој треба на глас да го изговори зборот што го слушнал. |
| • Симболите на Франција и спомениците на Париз (2 часа)<br>*(la Tour Eiffel, le croissant, la baguette, …)* | • Наставникот/Наставничката запишува на табла: Франција е позната по ... Учениците дополнуваат со она што го знаат, на пр. симболи, познати личности, специјалитети... Накрај, наставникот/наставничката им пушта на учениците видео со симболите на Франција. И учениците учат нови поими кои означуваат симболи на Франција.<br>• Игра на асоцијација. Наставникот/наставничката им дели сликички на учениците на кои се прикажани симболите на Франција. Потоа прашува: -*Qui a la Tour Eiffel?/le fromage/la baguette/… ?* Ученикот кој ја има соодветната сликичка одговара: -*C'est moi.* |

| **Тема 2. Јас и мојата непосредна околина** (14 часа) |
|---|
| ***Знаења/вештини*** |
| • Се фамијализира со неформалните поздрави и разменува информации при прв контакт.<br>• Го разбира значењето на зборовите кои ги означуваат членовите на потесното семејство и истите ги именува.<br>• Го разбира значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со непосредната околина (училница и училиштен прибор) и истите ги именува.<br>• Ги разбира и ги именува лексичките единици поврзани со човечкото тело.<br>• Брои од 1 до 20. |

| |
|---|
| • Честита роденден на другар.<br>• Се фамијализира со француските бајки и нивните главни јунаци. |
| ***Ставови/вредности*** |
| • Не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, итн.).<br>• Согледува дека без меѓусебна поддршка, соработка, доверба и почитување нема другарство и пријателство.<br>• Препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и се спротивставува на дискриминација. |

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • Поздравување на неформален начин(1 час) *(Salut ! ; Bonjour ! ; Ça va ? A bientôt)*<br>• Претставување и барање од друг да се претстави на едноставен начин (1 час) (*Je m'appelle ... ; J'ai 10 ans. Et toi ? Tu t'appelles comment ?)* | • Игра со топка: *Bonjour, je suis…* Учениците стојат во круг. Наставникот/Наставничката има едно меко топче и кажува: *Bonjour, je m'appelle* ________. Потоа го подава топчето на некој ученик и прашува: - *Et toi? Comment tu t'appelles?* Потоа ученикот се претставува на француски јазик и по свој избор го подава топчето на следниот ученик додека не поминат сите.<br>• Песна: *Bonjour les amis, comment ça-va?* Наставникот/наставничката ја кажува песничката, правејќи гест за секој стих, пр. кога кажува *Bonjour les amis, comment ça-va ?* прави замав со рака; *Ça-va bien.* - покажува со палецот нагоре; *Ça-va mal.* - покажува со палецот надолу. Учениците при второто слушање ги повторуваат комуникативните акти, со помош на наставникот/наставничката. Накрај, во хор ја пеат песничката користејќи ги гестовите што наставникот/наставничката им ги покажува на почетокот. |
| • Броеви до 20 (1 час)<br>• Прашување/Кажување на својата возраст (2 часа) | • Пееме и броиме. Наставникот/Наставничката им пушта на учениците песничка со бројки на француски јазик (https://www.youtube.com/watch?v=76qsPzD1PTk). Учениците |

| | |
|---|---|
| *(-Quel âge as-tu? – J'ai 10 ans.)*<br>• Честитање роденден. (1 час)<br>*(- Joyeux anniversaire !)* | најпрвин внимателно слушаат, а потоа наставникот/наставничката ја запира песничката после секој слушнат збор што означува бројка, а учениците ги повторуваат броевите од мелодијата.<br>• Игра - *Слушај и скокни!* Наставникот/Наставничката на секој ученик дели картичка со еден број од 1-20. Изговара одредени броеви на глас на француски јазик, учениците слушат внимателно и скокаат кога ќе го слушнат својот број. Потоа истите картички со броевите од 1-20 ги користат за да ја кажат својата возраст. Секој ученик има различен број и го користи тој број за да ја каже својата возраст, пр. ако го има бројот 7 кај себе, вели: *J'ai 7 ans et toi?* И другиот одговара: Moi, j'ai 10 ans. (го има бројот 10 кај себе).<br>• *Joyeux anniversaire. !* Учениците ја слушаат и ја пеат песничката *Joyeux anniversaire.* Потоа наставникот/наставничката прашува кој од учениците наскоро ќе слави роденден. Тој се преставува и кажува колку години има и колку години ќе полни. Останатите ученици сите заедно му посакуваат: - *Joyeux anniversaire !* Му даваат подарок: - *Voilà un cadeau pour toi. - Merci.* |
| • Членови на потесното семејство (1 час)<br>(mère, père, soeur, frère, maman, papa, …) | • *Ma famille*. Учениците ја слушаат песната *Ma famille*, ги идентификуваат зборовите кои ги означуваат членовите на потесното семејство, а потоа ја пеат песната сите заедно. |
| • Училница (1 час)<br>*(classe, table, chaise, tableau)*<br>• Училиштен прибор (1 час)<br>*(crayon, stylo, livre, cahier, gomme…)* | • Наставникот/Наставничката на интерактивна табла покажува слики на разни предмети и мебел: клупи, табла, столче, фотеља, лампа... Еден по друг учениците излегуваат пред таблата и покажуваат на сликата која означува некој предмет што го има во училницата и го именуваат, пр. *chaise, tableau…*<br>• Игра со погодување : ученикот со заврзани очи треба да погоди |

| | |
|---|---|
| | кој е предметот (училиштен прибор), земајќи го од затворена кутија/торбичка и да го именува на француски јазик. |
| • Делови на човечкото тело (2 часа)<br>*(tête, nez, bouche, yeux, cheveux, bras, main, jambe, … )* | • Песна: *Tête, épaules, genoux et pieds.* Учениците ги усвојуваат деловите на телото преку песна и движење. Слушаат и гледаат видео од познатата француска песна: со движења (ги допираат деловите од телото додека ги изговараат зборовитешто ги означуваат). За поголема забава, може да се забрза темпото.<br>• Игра со коцка: *Le dé du corps!* Наставникот/наставничката има претходно подготвена голема коцка со залепени слики од делови на телото. Учениците еден по друг ја фрлаат коцката и секој од нив го кажува гласно делот што го добил, а потоа го покажува на другите и изговара, пр. C’est le pied. (и го допира стапалото). Учениците ја продожуваат играта со допирање на друг дел од телото. |
| • Француски бајки, цртани филмови и нивните главни ликови (3 часа)<br>(Asterix et Obelix, Le Cendrillon…) | • Учениците гледаат бајки, цртани филмови, а потоа ги прераскажуваат на мајчин јазик.<br>• Учениците подготвуваат театар, на мајчин јазик, според дадена бајка или цртан филм и ги играат.<br>• Проект: Учениците изготвуваат марионети на дадени ликови од бајки/цртани филмови, подготвуваваат кратко сценарио и играат по улоги,  на мајчин јазик, со марионети. |

<table>
<tr><th colspan="2">Тема 3. Што да облечам? (10 часа)</th></tr>
<tr><td colspan="2">Знаења/вештини</td></tr>
<tr><td colspan="2">
<ul>
<li>Разбира лексички единици и изрази поврзани со деновите во неделата, месеците во годината, годишните времиња и временските услови.</li>
<li>Ги именува деновите во неделата, месеците во годината и годишните времиња.</li>
<li>Разбира и именува поими поврзани со временските прилики.</li>
<li>Разбира едноставна лексика поврзана со облеката и истата да ја користи во кратки и едноставни реченици.</li>
<li>Ги разбира и ги именува лексичките единици што означуваат бои.</li>
<li>Ги открива земјите од францускотo говорно подрачје.</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности</td></tr>
<tr><td colspan="2">
<ul>
<li>Прифаќа дека не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, итн.).</li>
<li>Прифаќа дека постоењето разлики помеѓу луѓето е позитивна придобивка.</li>
<li>Препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и се спротивставува на дискриминација.</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими) и број на часови</td><td>Примери за активности</td></tr>
<tr><td>
<ul>
<li>Набројување денови, месеци и годишни времиња (2 часа)<br>(lundi, mardi…; janvier, février, mars… ; printemps, été, automne, hiver)</li>
<li>Временските услови (2 часа)<br>( -Il fait chaud/froid » ;  - Il y a... )</li>
</ul>
</td><td>
<ul>
<li>Игра со мимики. Наставникот/Наставничката подготвува картички на кои се прикажани различни временски прилики. Учениците излегуваат еден по еден, извлекуваат картичка и со мимика ја изразуваат временска прилика се работи. Останатите ученици се обидуваат да погодат. Играта продолжува во круг се додека се исцрпи и последната картичка на која е претставена некоја временска прилика.</li>
<li>Проектна задача: Временски прилики во текот на годината.</li>
</ul>
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Наставникот/Наставничката закачува на ѕид претходно изготвен хамер, поделен на четири дела во кои се запишани годишните времиња и поставува една кутија во која има сликички од временски прилики. Учениците се поделени во групи. Претставник од секоја група извлекува сликичка, останатите од групата се договараат,а претставникот изговара на глас за која временска прилика се работи и ја лепат во делот на годишното време за кое што е типична. |
| • Облека и додатоци (2 часа) *(pantalon, jeans, pull, tee-shirt, chemise, veste, anorak, chaussures, lunettes…)* | • Игра – *Облечи се според времето.* Наставникот/Наставничката обезбедува сликички од облека и различни временски прилики. Учениците, во парови, ја поврзуваат облеката со соодветната временска прилика, *пр: снег – чизми / капа / шал / ракавици.* Учениците работат сè додека не ги поврзат сите временски прилики со понудената облека. Потоа по еден ученик од секој пар ја именува облеката од поврзаните сликички.<br><br>• Игра – *Облечи го моделот.* Наставникот/Наставничката подготвува силуета од еден модел на еден лист хартија. Секој ученик добива по една силуета која треба да ја облекува според временската прилика. Наставникот/Наставничката по случаен избор извлекува слика на одредена временска прилика, а учениците почнуваат да ја цртаат облеката на силуетата. На крајот секој ученик прави кратка усна презентација на облеката на својата силуета пр : *Тој / таа носи фустан, сандали итн... (Il / elle porte une robe, des sandales etc…)* |
| • Бои (1 час)<br><br>*(blanc, rouge, noir, jaune, vert, marron, bleu, orange, gris, violet)* | • Наставникот/Наставничката покажува картички обоени со десетте бои *(blanc, rouge, noir, jaune, vert, marron, bleu, orange, gris, violet),* ги именува на француски јазик, а учениците повторуваат по него/неа. Потоа учениците ја слушаат песничката *La chanson des couleurs* и при второто слушање ја пеат заедно. |

| | |
|---|---|
| | • Игра- *C'est rouge*! Наставникот/Наставничката ја изговара реченицата, пр. *Allez vers la couleur rouge!* Учениците се упатуваат и доближуваат кон нивниот/нивната другар/ка кој/а носи облека во именуваната боја и изговараат: *- C'est rouge!* Играта продолжува со барање од страна на учениците предмет од учеилницата во некоја друга боја, именувана од наставникот, допирајќи го предметот и изговарајќи: *-C'est jaune !* |
| • Боите и звуците на Франкофонијата (3 часа)<br><br>(Канада, Мароко, Швајцарија, Белгија, Сенегал...) | • Активности поврзани со запознавање различни франкофонски земји: музика, танци, бои на традиционални костуми. |

| **Тема 4. Сакам.../Не сакам...** (8 часа) |
|---|
| ***Знаења/вештини*** |
| • Разбира и употребува, во едноставни реченици, лексички единици и изрази поврзани со животни.<br>• Разбира и употребува, во едноставни реченици, лексички единици и изрази поврзани со храна.<br>• Искажува на едноставен начин сопствени афинитети и вкусови.<br>• Разбира поими и елементи поврзани со прослави на неколку француски празници и ги споредува со тие од сопствената култура.<br>• Идентификува и разликува празници по слушнат исказ.<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички едници на теми поврзани со празници. |
| ***Ставови/вредности*** |
| • Прифаќа дека мислењето и уверувањето на другите треба да бидат уважени. |

| |
|---|
| • Прифаќа дека вкусовите и афинитетите на другите се еднакво важни како неговите/нејзините.<br>• Ја сфаќа важноста на грижата за природата и животните. |

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • Домашни животни (1 час)<br>*(mouton, cheval, vache, poulet, cochon, chèvre...)*<br>• Миленичиња (1 час)<br>*(chien, chat, poisson, tortue…)*<br>• Диви животни (1 час)<br>*(lion, éléphant, giraffe, antilope ours,…)*<br>• Искажување афинитети за животни (1 час)<br>*(- J'aime... » ; - J'adore » ; -Je n'aime pas ...)* | • Песна : *Dans la ferme de Mathurin.* Учениците ја слушаат песната. Потоа наставникот/наставничката им доделува работен лист на кој со сликичка се прикажани повеќе животни. Учениците ги заокружуваат животните што ги виделе во видеото од песната и ги изговараат. Накрај, сите заедно ја пеат песната.<br>• Игра – *Каде живее ова животно?* Посебни кутии претставуваат посебни живеалишта. Пр: фарма, шума, сафари. Секој ученик добива по една сликичка од одредено животно. Потоа го наоѓа домот на  животното од сликичката. Пр: *Le cochon habite à la ferme.*<br>• Игра- *Погоди кого имитирам.* Учениците се поделени во две групи. Еден ученик од првата група гласовно имитира некое животно, а учениците од другата група треба да погодат за кое животно станува збор и да го именуваат на француски јазик. Играта се повторува наизменично со групите се додека не победи групата со поголем број точни одговори (на француски јазик).<br>• Учениците се поделени во парови. Наставникот/Наставничката дели на секој пар по неколку сликички на животни. Во парови, учениците водат краток дијалог, на пр. *-J'aime le chat. Je n'aime pas le lion. Et toi? – Moi, j'aime le lapin. Je n'aime pas le serpent.* |

| | |
|---|---|
| • Прехрамбени продукти-основна лексика (1 час) *(croissant, lait, tomate, pomme, orange…)*<br>• Искажување вкусови за храна (1 час) *(- J'aime... » ; - J'adore » ; -Je n'aime pas ...)* | • Наставникот/Наставничката покажува на интерактивна табла слики на кои се прикажани разни продукти. Ги именува, а учениците ги повторуваат со цел да ги запомнат. Потоа наставникот/наставничката им ја пушта на учениците песничката *J'aime les fruits – Alain le Lait* и ги заокружуваат продуктите чии називи ги слушаат.<br>• Наставникот/Наставничката им дели на учениците цртежи на продукти. Учениците самостојно ги бојат во соодветната боја. Потоа усно, пред паралеката, продуцираат реченици, на пр. *La pomme est verte./ Le tomate est rouge.*<br>• Игра - *Кошница со овошје и зеленчук.* Во кошничка се ставени пластични овошја и зеленчуци или слики од истите. Учениците извлекуваат еден предмет и треба да кажат дали јадат/не јадат; дали им се допаѓа/не им се допаѓа.<br>• Проект: Дегустација, готвачка работилница (без печење). |
| • Француски празници и традиции (2 часа) (Noël, Mardi Gras, Pâques)<br>- Честитање Божик (Joyeux Noël !)<br>- Честитање Нова година (Bonne Nouvelle Année !) | • Учениците се поделени во групи. Наставникот дели на секоја од групите сликички кои означуваат прехрамбени производи, специјалитети. Секоја од групите добива задача да ги издвои сликичките кои ги означуваат специјалитетите и прехрамбените продукти кои се подготвуваат и служат за одреден празник во Франција, но и во нивната култура. Накрај, учениците ја слушаат песната Mardi gras, ne t'en va pas<br>• Проект: Изработка на маски, маскембал. |